*Прилог 1: Формулар за поднесување коментари*

**Формулар за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за проектот**
***Реконструкција на дел од улица Христијан Карпош и АСНОМ крак 1 и крак 2 и улица Широк Дол – Општина Штип***

**Опис на проектот**

Локацијата на проектните активности се наоѓаат на улиците „Христијан Тодоровски Карпош“ и краци на улица „АСНОМ“ во Штип. Станува збор за сервисна улична мрежа и се протега на растојание од околу 450 метри. По улицата има една четиринасочна крстосница со улицата „АСНОМ“ и две тринасочни раскрсници. По должината на улицата за која станува збор има неколку приоди кон индивидуални куќи. Режимот на сообраќај е двонасочен, а во сегашната ситуација речиси и да нема вертикална и хоризонтална сигнализација. На предметната локација нема објекти од јавен интерес, има само станбени згради и куќи за индивидуално домување.

Улиците Христијан Тодоровски Карпош и АСНОМ се во простор со капацитети за индивидуално и колективно домување. Улиците се изградени во седумдесеттите години на минатиот век. Иако се постари од 40 години, не се реконструирани. Извршени се ограничени интервенции како резултат на поставување на комунална инфраструктура како и при санирање на дефекти во водоводна, канализациска и енергетска инфраструктура. Постоечката патна конструкција е базалтни блокови. Подземјето е главно во насип од локален материјал.

Улиците се наоѓаат во населбата Блок 77 во општина Штип со повеќе од 3000 жители. Улиците се протегаат низ самата населба и broи приближно 207 станбени единици.

Локалното население кое живее во близина на предметната дејност е над 1000 жители кои ја користат улицата. По должината на трасата нема поголеми и позначајни деловни објекти освен спортското игралиште „Леваци“, но во радиус од само 100 метри од улицата се наоѓаат: градинката „Другарче“ со капацитет од 271 дете, СВР. Подрачна полициска станица Штип како и трговски центар - Kit Go маркет. Во радиус од 200 метри се наоѓаат: ПЗУ Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“, парк простор и детско игралиште, продавници, угостителски објекти, спортски сали, игротеки, аптеки, ординации итн.

Улицата Широк Дол е во простор со капацитети за индивидуално и колективно домување. Улицата е изградена во седумдесетите години на минатиот век. Иако е постар од 40 години, не е реконструиран. Извршени се ограничени интервенции како резултат на поставување на комунална инфраструктура како и при санирање на дефекти во водоводна, канализациска и енергетска инфраструктура. Постоечката патна конструкција е базалтни блокови. Подземјето е претежно во насип од локален материјал. Улицата Широк Дол, која е предмет на реконструкција и санација, започнува на стационажа км 0+000,00 на спојот со делот каде улицата беше асфалтирана од претходно и завршува на стационажа км 0+329,19. Ширината на улицата е 6,00м. Тротоарите се со променлива широчина во зависност од местоположбата на зградите, додека во еден дел не постојат, во зависност од постојната состојба на теренот. Улицата „Широк Дол“ е поплочена со базалтни блокови. Планирано е улицата да се изгради како станбена улица.

Улицата се наоѓа во населбата Автокоманда во општина Штип со повеќе од 4000 жители. Улиците се протегаат низ самата населба и брои приближно 220 домаќинства.

Локалното население кое живее во близина на предметната дејност е над 1000 жители кои ја користат улицата. По трасата нема поголеми и позначајни деловни објекти, но во радиус од само 50 метри од улицата се наоѓаат: градинката „Развигорче“ со капацитет од 240 деца, турските гробишта како и најголемиот комерцијален мега маркет во градски Кит Го Маркет (поранешен Туш). Во радиус од 150 метри се наоѓаат: ОУ „Гоце Делчев“ со вкупно 700 ученици, градскиот пазар во Штип, сала за пинг-понг, нова парковска површина и спортски центар со затворени игралишта за фудбал и кошарка, малопродажба. продавници, угостителски објекти, спортски сали, игралишта, аптеки, ординации итн.

Целта на спроведувањето на предвидените активности за реконструкција на проектните улици е да се подобри движењето на локалното население. Со оглед на безбедноста во сообраќајот, моментално има вертикална и хоризонтална сигнализација на локациите на проектот.

Електронската верзија на Контролната Листа за ПУЖССА за проектот „Реконструкција на локалните улици Кристијан Карпош и АСНОМ крак 1 и крак 2 и Широк Дол во општина Штип“ е достапна на следните веб-страници:

- Општина Штип (https://stip.gov.mk/ )
- МТВ/ЕИП: http://mtc.gov.mk/или www.wbprojects-mtc.mk

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | |
| **Контакт информации*** | **Е-пошта:** ______________________________<br><br>**тел:** ______________________________ |

**Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА:**

| | |
|---|---|
| **Потпис**<br><br>______________________ | **Дата**<br><br>____________________ |

**Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локалните улици Кристијан Карпош и АСНОМ крак 1 и крак 2 и Широк Дол во општина Штип“ ,ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Јоже Јовановски**

**e-mail:** joze.jovanovski @piu.mtc.gov.mk

**Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за „ Реконструкција на локалните улици Кристијан Карпош и АСНОМ крак 1 и крак 2 и Широк Дол во општина Штип “**

**(датум на објава: 29.12.2023 година)**

**Референтен број: ______________________________**

(пополнето од страна одговорните лица за спроведување на проектот)